Врз основа на член 28 а во врска член 100 став 1 алинеја 1од Законот за јавни набавки (Службен Весник на РМ бр. 136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), Градоначалникот на Општина Зрновци ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За вршење на јавна набавка**

1. За потребите на општина Зрновци да се изврши јавна набавка превоз на ученици во учебната 2015/2016 година од подрачјето на општина Зрновци до ОУ "Синиша Стоилов "Зрновци, чие место на живеење е оддалечено над 2 километри од училиштето во кое посетуваат настава.

Набаваката од точка 1 на оваа Одлука не е делива .

2. Вкупната проценета вредност на набавката од т.1 на оваа Одлука изнесува 300.000,00 денари без пресметан ДДВ ,

Средствата се обезбедени во Буџетот на ОУ,, Синиша Стоилов ,, Зрновци

3. За реализација на набавката од т. 1 на оваа Одлука Ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас на веб страната на Бирото за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки .

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка да биде најниската цена

Со понудата да доставите :

- Документ за регистрирана дејност како доказ дека сте регистрирани да ја вршите дејноста за која бараме набавка,

Општина Зрновци го задржува правото на исклучување на некомплетни понуди.

5. За собирање на понудите се овластува Комисија за јавни набавки во состав од: Методи Николов - Претседател ; Ленче Илиова - член ; Блашка Николова - член . Заменик претседател Владимир Анастасов ; Заменици членови :Кристијан Савев и Благој Данев

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

6. Комисијата за јавни набавки од точка 5 на оваа Одлука е должена да ги чува во тајност податоците содржани во оваа Одлука во однос  на проценетата вредност , другите одлуки кои се однесуваат за оваа јавна набавка , понудите како и секоја друга информација поврзана со евалуација на понудите

7. Се задолжува комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука .

8. Одлуката  влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Блаже Станков**

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Набавувач:

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Број 09 – 591/1

од 24.08.2015 год.

**Покана за поднесување понуда**

Набавувач ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Ул.Илинденска 6б Зрновци

Тел.број 033,353-104;факс-033,353-105 моб. 075 389 345

Набавувачот има потреба од јавна набавка во општина Зрновци и тоа

за Набавка на превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци до ОУ ,, Синиша Стоилов ,, чие место на живеење е оддалечено над 2 километра од училиштето во кое посетуваат настава .

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, која ќе се спроведе во хартиена форма, а ќе заврши со спроведување на електронска аукција, како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди, во согласност со член 100 став 1 точка 2 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), за што објави оглас бр 07/2015.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до _________.2015 година до ______________ часот (по локално време), по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на договорниот орган.

Јавното отварање ќе се одржи на ден ________.2015 год., во ________часот во просториите на општина Зрновци . Овластените претставници на понудувачите на јавното отворање мораа да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор

Со оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Тендерската документација се состои од следните делови:Инструкции за економските оператори, технички спецификации, изјава  и образец на понудата.

Однапред Ви благодариме на соработката.

Зрновци

24.08.2015 год.

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

# ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**2305 Зрновци Тел. +389(0) 33-353-104 Фах 353-105**

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

*[за набавки со проценета вредност до 5.000 евра]*

ЗА НАБАВКА

Превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци до ОУ ,, Синиша Стоилов ,, во Зрновци и ПУ ,, Синиша Стоилов ,, во с. Мородвис чие место на живеење е оддалечено над 2 километра од училиштата во кое посетуваат настава .

АВГУСТ 2015

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**Инструкции за понудувачите**

**1. Предмет на договорот за јавна набавка**

Предмет на договорот за јавна набавка е :

Превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци до ОУ ,, Синиша Стоилов ,, во Зрновци и ПУ ,, Синиша Стоилов ,, во с. Мородвис чие место на живеење е оддалечено над 2 километра од училиштата во кое посетуваат настава во работните денови во учебната година 2015/16 година .

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

Набавката не е делива.
Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива

*[доколку договорот е поделен на делови, се наведува секој дел поединечно]*

**2. Начин на испорака на стоките / извршување на услугите / извршување на работите** *[избришете го непотребното]*

Превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци кои посетуваат настава во ОУ ,, Синиша Стоилов ,, во Зрновци и Подрачното училиште во с. Мородвис, чие место на живеење е одалечено над 2 километри од училиштата во кои посетуваат настава во работните денови во учебната 2015/16 на следните релациии :

1. Видовиште – ОУ,, Синиша Стоилов ,, Зрновци и обратно ( оваа релација во двата правца е долга 8 км.)
2. Мородвис – ОУ ,, Синиша Стоилов ,, Зрновци и обратно ( оваа релација во двата правца е долга 4 км.)
3. Видовиште – ПУ ,, Синиша Стоилов ,, Зрновци и обратно ( оваа релација во двата правца е долга 4 км

**3. Разлики во цена (корекција на цени)** *[вообичаено при набавка на стоки и работи]*

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**4. Цена на понудата**

Економскиот оператор во листата на цени внесува единечна цена за еден ученик  без ДДВ за секоја ставка посебно, посебно ја изразува стапката на ДДВ, а вкупниот износ на понудата го пресметува како збир на сите единичните цени без ДДВ понудени за сите ставки во понудата, како што е прикажано во табелата во образецот на понудата. Економскиот оператор задолжително го користи оригиналниот образец на понуда (прилог 1 кон тендерската документација). Економскиот оператор не смее да ја дели понудата на посебни делови, во спротивно неговата понуда ќе биде оценета како некомплетна и ќе биде отфрлена од комисијата за јавни набавки како неприфатлива понуда.

**5. Начин на плаќање**

**Плаќањето ќе го  врши ОУ Синиша Стоилов ,, во Зрновци откако на крајот на месецот до економскиот оператот благовремено ќе доставува список на ученици кои го користеа превозот .**

**На основа на добиениот список на превезувани ученици економските оператори изготвуваат фактура која ја плаќа ОУ,, Синиша Стоилов,, од Зрновци согласно приливот на средства .**

*[Во оваа точка се наведува начинот на плаќање кој ќе биде задолжителен за избраниот носител на набавка Овој дел не треба да се бодува од страна на договорниот орган]*

**6. Критериум за утврдување на способност на понудувачите**

6.1. За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.  Економскиот оператор да поседува и лиценца за вршење на превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај издадена од министерството за транспорт и врски .

6.2. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

## 7. Изготвување и поднесување на понудите

7.1. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

7.2. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластеното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

Понудувачот поднесува вкупна цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно

7.3. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пополнет образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способноста
- Изјава за независност на понудата
- Изјава за сериозност на понудата
- Доказ за регистрирана дејност,,

*[Во последната линија, договорниот орган може да побара од понудувачот во прилог на понудата да достави брошури, каталози и слично од стоките кои се нудат. Доколку се предвидува ваква обврска, договорниот орган треба точно да дефинира каков вид на документи бара и кои се последиците доколку понудувачот не ги достави истите. Во спротивно линијата се брише]*

7.4. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

7.5. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

7.6. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

7.7 Краен рок за поднесување на понудите

Краен рок за поднесување на понудата е ________.2015 година до _____ часот. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

## 8. Критериум за доделување на договорот

Критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка е:

Најниска цена *[Алтернатива 1]*

*[Непотребното се брише. Доколку договорниот орган го користи критериумот економски најповолна понуда, треба да ги дефинира и елементите кои ги ќе ги користи и максималниот број на бодови за секој елемент одделно]*

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**9. Електронска аукција**

9.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

9.2. Подетални информации за електронската аукција:

Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена, од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката. *[во случај да се користи критериумот најниска цена]* /

Поканите за учество на аукцијата ќе се доставaт во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН.

Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена на адресата за е-пошта на лицето за контакт наведено во Образецот за понуда кое претходно е регистрирано во ЕСЈН.

Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени). / ,

**10. Известување на понудувачите**

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

**11. Правна заштита**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

## 12. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

12.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

12.2 Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачит

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

## Технички спецификации

*[Во овој дел, договорниот орган ги наведува техничките спецификации, опис и карактеристики на предметот на договорот за јавна набавка кои се задолжителни и претставуваат основа за изготвување на техничката понуда. Во случај на договор за јавна набавка на работи, во овој дел се дава предмер на потребните градежни работи]*

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот за доделување договор за јавна набавка за набавка на : Превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци до ОУ ,, Синиша Стоилов ,, во Зрновци и ПУ ,, Синиша Стоилов ,, во с. Мородвис чие место на живеење е оддалечено над 2 километра од училиштата во кое посетуваат настава во работните денови во учебната година 2015/16 година во Општина Зрновци *[се внесува предметот на договорот за јавна набавка како што е наведен во поканата]* во постапка со барање за прибирање на понуди ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ________________________________________________

I.2. Контакт информации

– Адреса: ___________________________________________________________
– Телефон: _________________________________________________________
– Факс: ______________________________________________________________
– Е-пошта: __________________________________________________________
– Лице за контакт: ___________________________________________________

I.3. Овластено лице: ____________________________________________________

I.4. Даночен број: ______________________________________________________

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

<u>**Дел II – Техничка и финансиска понуда**</u>

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве единечни цени за набавка на : -

| Р.Б. | Вид на набавка | Количини | Еденична цена без ДДВ | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | **Видовиште до О.У Синиша Стоилов „ Зрновци и обратно(релацијата во двата правца** | **1** | | |
| 2 | **Мородвис до О.У. „ Синиша Стоилов „ Зрновци и обратно(релацијата во двата правца** | **1** | | |
| 3 | **Видовиште доП У"Синиша Стоилов "- Мородвис и обратно( релацијата во двата правца** | **1** | | |
| | | | | |
| | Вкупно без ДДВ | | | |
| | 5% ДДВ | | | |
| | ВКУПНО | | | |

*[Во оваа точка понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација и ги наведува цените. Доколку е попрактично, табелата може да се прилагоди или да се замени со друга форма која договорниот орган ја смета за соодветна. Доколку договорот за јавна набавка е поделен на делови, треба да се предвидат табели за секој дел посебно со идентификување на кој дел се однесува секоја табела]*

*[Алтернатива 1 – за договори кои се неделиви,*

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ, изнесува: _____________________________ *[со бројки]* (_________________________________________________________) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________.

II.4. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.5. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

Место и датум | Овластено лице

___________________________ ___________________________

(потпис и печат)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум | Овластено лице

__________________ | ________________________

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Во смисла на член 129 став 2 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/2007;130/08 ,97/10 ,53/11 , 185/2011,15/13 и 148/13), ја поднесувам следна

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека, понудувачот_____________________________________________
од________________________ понудата за : Превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци до ОУ ,, Синиша Стоилов ,, во Зрновци и ПУ ,, Синиша Стоилов ,, во с. Мородвис чие место на живеење е оддалечено над 2 километра од училиштата во кое посетуваат настава во работните денови во учебната година 2015/16 година во Општина Зрновци, **., по Оглас бр.07/2015 објавен од општина Зрновци** ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата и не учествувам во истата постапка со други економски оператори со кои сум капитално, сопствениk или роднински поврзан.

____________________ 2014 год.

____________________________

Понудувач:

Одговорно лице,

________________________________

(потпис и печат)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Во смисла на член 102 став 4 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/2007;130/08 ,97/10, 53/11 , 185/11, 15/13 и 148/13), ја поднесувам следната

**И З Ј А ВА**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека, понудувачот_____________________________________________
од________________________ во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација по огласот бр. 07/2015 за доделување на Договор за јавна набавка- Превоз на ученици од подрачјето на Општина Зрновци до ОУ ,, Синиша Стоилов ,, во Зрновци и ПУ ,, Синиша Стоилов ,, во с. Мородвис чие место на живеење е оддалечено над 2 километра од училиштата во кое посетуваат настава во работните денови во учебната година 2015/16 година во Општина Зрновци објавен од страна на општина Зрновци , со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

____________________ 2015 год

____________________________

Понудувач:

Одговорно лице,

________________________________

(потпис и печат)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)